НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 47 став 1 точка 6 од Законот за Народната банка на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 158/10, 123/12, 43/14, 153/15, 6/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 110/21, 74/24 и 16/25) и член 23 став 2 од Законот за девизното работење („Службен весник на Република Македонија" бр. 34/01, 49/01, 103/01, 51/03, 81/08, 24/11, 135/11, 188/13, 97/15, 153/15 и 23/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 110/21 и 37/25), Советот на Народната банка на Република Северна Македонија донесе

# ОДЛУКА
## за изменување и дополнување на Одлуката за начинот и условите под кои резидентите коишто не се овластени банки, можат да отвораат и да имаат сметки во странство
## („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 84/25)

1. Во Одлуката за начинот и условите под кои резидентите коишто не се овластени банки, можат да отвораат и да имаат сметки во странство („Службен весник на Република Македонија" бр. 42/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 50/19, 181/19, 167/20, 308/20, 88/21, 177/21, 247/21 и 89/22), во точката 7, потточката 7.3, се менува и гласи:

„За наплата на побарувањата во странство остварени врз основа на извршени услуги во меѓународниот транспорт, заради плаќање на трошоците за употреба на транспортните средства во странство (експлоатациски трошоци), до висината на планираните месечни трошоци за период од една година и/или за плаќање на трошоците за употреба на транспортните средства (експлоатациски трошоци) за услуги во меѓународниот транспорт, до висината на планираните месечни трошоци за период од една година."

2. Во точката 10, во потточката 10.3, ставот 1, се менува и гласи:

„За издавање одобрение за отворање и имање сметка кај странска банка за наплата на побарувањата во странство остварени врз основа на извршени услуги во меѓународниот транспорт, заради плаќање на трошоците за употреба на транспортните средства во странство (експлоатациски трошоци) и/или за плаќање на трошоците за употреба на транспортните средства (експлоатациски трошоци) за услуги во меѓународниот транспорт:".

Алинејата 2 се менува и гласи:

„– преглед на очекуваните приливи врз основа на извршени услуги во меѓународниот транспорт и/или пресметка на планираните месечни трошоци за период од една година и".

3. Одобренијата коишто ги издала Народната банка на Република Северна Македонија врз основа на точка 7 потточка 7.3 од Одлуката за начинот и условите под кои резидентите коишто не се овластени банки можат да отвораат и да имаат сметки во странство („Службен весник на Република Македонија" бр. 42/16 и „Службен весник

на Република Северна Македонија“ бр. 50/19, 181/19, 167/20, 308/20, 88/21, 177/21, 247/21 и 89/22) ќе бидат во важност до рокот за кој се издадени.

4. На постапките започнати пред влегувањето во сила на оваа одлука ќе се применуваат одредбите од оваа одлука.

5. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

**Бр. 02-13636/10**
**17 април 2025 година**
**Скопје**

**Гувернер**
**и претседавач**
**на Советот на Народната банка**
**на Република Северна Македонија**
**д-р Анита Ангеловска-Бежоска**